РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
**СКОПЈЕ**

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS" SKOPJE
**FACULTY OF VETERINARY MEDICINE**
**SKOPJE**

**Број 0202- 1031/5**
**27.06.2018 година**

Врз основа на член 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018), Одлуката на Универзитетскиот сенат бр. 02-630/15 од 29.05.2018 година и член 41 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 361 од 3 април 2018 година), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 27.06.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за стекнување на звањето редовен професор доживотно

1. **Д-р Игор Улчар**, редовен професор во научната област *Патолошка физиологија* на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, го задржува наставно- научното звање **Редовен професор доживотно,** сметано од 16.05.2018 година и заснова работен однос на неопределено време.
2. Со именуваниот да се склучи анекс - договор за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Во членот 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) е утврдено дека „Редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, заснoваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.“

Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје донесе одлука бр. 02-630/15 од 29.05.2018 година во која е пропишано дека наставно- научните совети на единиците по службена должност донесуваат одлука со која констатираат дека лицето кое до денот на влегувањето во сила на Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) по прв пат е избрано во звањето редовен професор, го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

Проф. д-р Игор Улчар за прв пат е избран во наставно-научното звање Редовен професор на 30.11.2015 година.

Врз основа на гореизнесеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
1. Именуваниот
2. УКИМ
3. Архива

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски

Бр. 02-982/11
30.11.2015 год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015 и 154/2015), Универзитетскиот сенат, на 34. седница одржана на 30.11.2015 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на редовен професор**

**Член 1**

**Д-р Игор Улчар,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, во наставно-научната област:

- *патолошка физиологија.*

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:

- Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- Проф. д-р Игор Улчар

Изработил: м-р Елизабета Додевска
Одобрил: м-р Марија Маневска

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1106**

**Скопје, 1 септември 2015 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Велимир СТОЈКОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1106 од 1 септември 2015 година**

## ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на ракописот **Решени задачи по векторска и линеарна алгебра** од авторот **доц. д-р Зоран Мисајлески,** пријавен на Градежниот факултет во Скопје....................8-21
2. Рецензија на ракописот **Решени задачи по диференцијално и интегрално сметање I (на функции од една променлива)** од авторот **доц. д-р Зоран Мисајлески,** пријавен на Градежниот факултет во Скопје..............................................................22-35
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Крсте Лазаревски, Елена Арсовска)**...........................................................36


## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Менаџментот во функција на ефикасно остварување на целите на бизнис-асоцијациите** од **м-р Јелисавета Георгиева,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.........................................37-48
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Управување со квалитето во одбраната на Република Македонија со шест сигма-методологија** од **м-р Стефан Ивановски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје........................................49-60
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Модел на отворени иновации и размена на знаење на претпријатијата во Република Македонија-главни предизвици и фактори** од **м-р Ивана Станковска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје............................................................................................61-69


## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите звања во наставно-научните области енергетско и процесно машинство и техничка термодинамика на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Ристо Филкоски)**.........................................................................................70-85


## МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на два асистента-докторанди по предметот патологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(помл. ас. д-р Магдалена Богдановска Тодоровска, помл. ас. д-р Благица Дукова)**.........................................................................................86-105
2. Реферат за избор на 42 асистенти-докторанди по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Владимир Јоксимовиќ, Клисаровска, помл. ас. д-р Бујар Османи, ас. д-р Јован Ивчев, ас. д-р Шабан Мемети, д-р Васил Папестиев, помл ас. д-р Илир Вела, д-р Весна Милошевска Јакимовска, помл. ас. д-р Кемал Рушити, д-р Борислав Кондов, ас. д-р Катерина Касапинова, д-р Тони Ристески, ас. д-р Огнен Костовски, д-р Миленко Костов, д-р Андријана Ѓорѓеска Нацевска, ас, д-р Александар Шумковски, д-р Марија Милошевска Мијалковска, ас. д-р Стојан Ѓошев, пом. ас. д-р Наташа Толеска, ас. д-р Софија Пејкова, д-р Владимир Рендевски, ас. д-р Андрија Гавриловски, д-р Томи Камиловски, ас. д-р Илир Хасани, д-р Фатмир Елези)**......................................106-156
3. Реферат за избор на еден научен соработник по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Татјана Зорчец)**.................................................................157-175
4. Реферат за избор на еден научен работник по предметот биохемија и клиничка биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Јулијана Брезовска Кавракова )**........176-190
5. Реферат за избор на три научни соработници по предметот анатомија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Драгица Јурковиќ, ас. д-р Елизабета Чадиковска, ас. д-р Билјана Бојаџиева Стојаноска)**..................................................................191-256

6. Рецензија за на ракописот **Артефакти во хистологијата, артефакти во парафинската хистолошка техника** од авторот **Елида Митевска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје....................................................................257-264
7. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имунохематолошка дијагностика и менаџмент на алосензибилизациите во тек на бременост кон антигените од Rh-крвногрупниот систем,** од **д-р Емилија Велкова,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...........................................................................................265-270
8. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Рани ефекти од две лапароскопски техники на третман на оваријалните ендометриоми врз оваријалната резерва,** од **м-р д-р Јадранка Георгиева,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..................................................................................................................271-275
9. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Прогностички фактори кај миелодиспластичните синдроми,** од **м-р Татјана Сотирова,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................................................................276-283


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на наставно-научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Тина Пржеска)**...........................................................................................284-300
2. Рецензија на за оцена на докторската дисертација **Реформирањето на организацијата на Обединетите нации со посебен осврт на Советот за безбедност** од **м-р Алберт Муслиу,** пријавен на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје......................301-309


**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања од областа на општа биохемија и клиничка биохемија на Заводот за експериментална физиологија и биохемија при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Јасмина Димитрова-Шумковска)**............................................................................310-326
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања од областа на ботаника и екологија на ботаничкиот завод со ботаничка градина при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Златко Левков)**........................................327-346
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Испитување на влијанието од примената на виртуелни и реални експерименти во наставата по хемија врз стекнувањето на знаења и вештини од повисок ред** од **м-р Шемседин Абдули,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.......................................347-355
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **DNA-фрагментација во сперматозоиди кај машкиот инфертилитет и ембриолошки параметри кај двојки подложени на асистирана репродукција in vitro-фертилизација** од **м-р Валентина Сотироска,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..................................................................................................................356-361
5. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Исмаил Ердил, Дафина Клековска, Предраг Јаниќ, Бобан Георгиевски)**..............................................................................362-363


**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) максилофацијална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Даница Попович-Моневска)**...........................................................................364-380
2. Реферат за избор на научен соработник во наставно-истражувачката област (дисциплина) максилофацијална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Сузана Двојаковска)**....................................................................................................381-404
3. Прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Линдита Зендели Беџети)**....................................................................405

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Инертирање и валоризирање на филтерна прашина и металуршка троска со помош на високотемпературен третман** од **м-р Ејуп Љатифи,** пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.......................................................406-412
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Моделирање на процесот на сепарација на тешки метали од водени средини со примена на природни и модфицирани биосорбенти** од **м-р Махи Љатифи,** пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.......................................413-419
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Славјанка Пејчиновска Андонова, Кирил Стоимчев, Тони Перчуклиевски)**.......................................420

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област патолошка физиологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(д-р Игор Улчар)**.......................................421-447

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Збирка решени задачи по моделирање, симулација и идентификација** од авторот **проф. д-р Елизабета Лазаревска** пријавено на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.448-455

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Маја Веселиновиќ)**.......................................456

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) основи на молекуларна биологија со генетика и фармакогенетика на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Дијана Плашеска-Каранфилска)**........457-464
2. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум по биохемија,** наменето за студенти по фармација, подготвено од наставен кадар на Институтот за применета биохемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје.......................................465-468

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) уметност на ренесансата-општа, уметност на барокот-општа, уметност на класицизмот-општа, уметност на романтизмот-општа, уметност на реализмот-општа на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Татјана Филиповска)**.......................................469-481
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Педагогот и унапредувањето на воспитно-образовната работа во детската градинка,** од **м-р Габриела Дурчевска Георгиева,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.......................................482-488

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на лектор англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Магдалена Симионска, м-р Марина Врвцоска)**.......................................489-502

## ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научното подрачје:4.10-шумарство и хортикултура, научна област 41007-хортикултура и 41008-друго и научното подрачје: 1.02-биологија, научна област 10205-екологија на Шумарскиот факултет во Скопје **(д-р Бојан Симовски)**....................................................................503-526
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Митко Николов)**.................................................................................527

## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Улогата на економската дипломатија во зголемувањето на инвестициите и извозот на Република Македонија** од **м-р Драган Ѓурчевски,** поднесена на Економскиот институт во Скопје...........................................................................................................528-532
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје **(м-р Светлана Завојческа, м-р Фатиме Муслиу, м-р Маја Панова)**.....................................................................................................533-534
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Надежда Ивановска, Петар Алексов, Дарко Милетиќ, Благица Панова, Симона Киш, Елена Готовска, Благица Павловска, Билјана Митева, Бојан Тодоровски, Ивана Ангеловска, Јасмина Звездакоска, Симона Трајковска, Ана Стојановска, Дане Тодоровски)**...........................................................................535-539

## ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Британската политика кон Македонија од 1800 до 1878 година** од **м-р Евгенија Илиева,** пријавена на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје...................................540-545

## ИЗВЕСТУВАЊЕ (ОД 546-606 СТРАНА)

# РЕФЕРАТ

*ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО - НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ*

Наставно - научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата седма седница одржана на 25. VI 2015 год., донесе Одлука број 0201-1485/6, за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јосиф Тосевски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во пензија, проф. д-р Даниела Миладинова, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во весниците „Дневник“ од 17. VI 2015 год. и „Коха“ од 18. VI 2015 год., за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања во научната област патолошка физиологија, на кој се пријави кандидатот проф. д-р Игор Улчар.

Откако ги разгледа сите документи и приложените трудови, Комисијата го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### *1. Биографски податоци*

Вонр. проф. д-р Игор Улчар е роден на 23. X 1966 год. во Скопје, каде што има завршено основно и средно образование (гимназија). На Ветеринарниот факултет во Загреб (Хрватска) се запишал во учебната 1986/87 година, а го завршил во 1993 година со просечен успех 4,33 (еквивалент 9,19). Во 1994 год. е вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје како помлад асистент по предметот патолошка физиологија на домашните животни, а во 1995 год. бил назначен за помлад асистент и по предметот физиологија на домашни животни.

На двата предмета ги одржувал вежбите и колоквиумот. Во 1995 год. се запишал на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што на 11. IV 2001 год. го одбранил магистерскиот труд „Тироиден статус кај прасиња со вродена зостанатост во растот", со што се стекнал со звањето магистер на ветеринарни науки од областа на патолошката физиологија. Во периодот од 15. X до 15. XI 1998 год. бил стипендист на Темпус-ФАРЕ програмата на Европската унија и во тој период остварил посета на Институтот за физиологија при Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена (Австрија).

Во звањето асистент бил избран на 9. VII 2001 год. Во периодот 2002-2003 година учествувал во проектот на Темпус-ФАРЕ за унапредување на ветеринарните студии, и притоа остварил стручни посети на Ветеринарниот факултет во Гисен (Германија) во 2002 година, како и на Кралскиот „Дик" ветеринарен колеџ во Единбург (Шкотска - В. Британија) во 2003 година, а истата година во рамките на овој проект учествувал како предавач на Семинарот за континуирано образование во Охрид.

На 20. X 2005 год. го одбранил докторскиот труд „Утврдување на концентрациите на серумското железо и на серумскиот бакар, како и на нивните транспортни протеини кај различни категории прасиња од предгојна фаза", со што се стекнал со степенот доктор на науки од ветеринарната медицина.

На 25. I 2006 год. со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-155/4, бил избран во наставно-научното звање доцент по предметот патолошка физиологија, и оттогаш ја изведува теориската настава по овој предмет при Катедрата за патолошка физиологија во V и VI семестар. За вонреден професор по истиот предмет бил избран на 17. XII 2010 год. со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-4143/5.

Во 2008 год. бил учесник во CEEPUS-програмата за размена и остварил посета на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Иштван" во Будимпешта (Унгарија).

Во периодот до 17. XII 2010 год. бил член на Комисијата за евалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје; член на Стручната комисија за вршење симултана туберкулинизација и читање на резултатите од симултаната

туберкулинизација при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; дел од стручниот тим за изработката на документацијата за имплементирање на барањата од стандардот ИСО 17025; претседател на Комисија за јавни набавки, во периодот 2004-2008 година; претседател на Комисија за попис на основните средства, основното стадо, залихата на материјалите, ситниот инвентар, побарувањата и обврските, во периодот 2007-2009 година. Во периодот 2009-2011 година бил назначен за координатор на кредит-трансфер системот (ЕКТС) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. На истата функција е повторно избран оваа година (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-887/2-2 од 3. IV 2015 год.).

На 25. V 2011 год. бил избран за продекан за настава на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-1993/5), којашто функција ја вршел до 13. XI 2013 год. Во периодот 2011-2013 (Одлука на Деканот бр. 03-4332 од 28. XI 2011 год.), односно 2014-2015 година (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3510/4-2/2 од 11. XII 2014 год.) бил координатор за програмата за меѓународна размена Erasmus. Во периодот 2013-2014 година бил и координатор за надворешна евалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4081/7 од 13. XI 2013 год.).

Во периодот по 17. XII 2010 год. учествувал во работата на следниве факултетски комисии: Комисија за самоевалуација на Факултетот за ветеринарна медицина, како член, период 2011-2013 год. (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/9 од 24. II 2011 год.); Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година на Факултетот за ветеринарна медицина за учебните 2011/2012 и 2012/2013 година (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-2376/9 од 23. VI 2011 год. и бр. 0202-1743 од 8. VI 2012 год.), како претседател, за учебната 2014/2015 година (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-1279/6 од 30. V 2014 год.), како член; Комисија за признавање на испити и кредити положени, односно освоени на други факултети и универзитети во Република Македонија и во странство, како член, односно како претседател, период 2011-2013 год. (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/11 од 24. II 2011 год., односно бр. 0201-3631/7-1 од 7. X 2011 год.), од 2013 год. како член

(Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4393/9 од 6. XII 2013 год.); Комисија за пресметување на кредити за предметите и испитите ислушани и положени по старите студиски програми заклучно со 2007/2008 година според студиската програма за интегрирани студии од прв и втор циклус студии од 2009/2010 година на ФВМС, како член (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-483/4 од 26. II 2015 год.); Комисија за спроведување студентска анкета за квалитетот на наставниот процес на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-653/6 од 29. II 2012 год.), како претседател, период 2012-2013 год.; Комисија за утврдување дисциплинска одговорност на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како претседател, период 2013-2014 год. (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-240/5 од 31. I 2013 год.); Центар за кариера на ФВМС (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3352/8 од 4. IX 2013 год.), како советник за кариера, период 2013-2014 год.; Одбор за соработка и доверба со јавноста при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3538/3 од 23. IX 2013 год.), како претседател, период 2013-2014 год.; Комисија за заштита на вработените на ФВМС од вознемирување на работно место (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3543-4/7 од 23. IX 2013 год.), како член; Организационен одбор за одбележување на 20-годишнината од формирањето на Факултетот за вететеринарна медицина во Скопје, како член (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/8 од 24. II 2011 год.); Штаб за заштита и спасување при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-1477/3-2 од 6. IV 2011 год.), како член; Комисија за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како член (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3234/3-5 од 1. IX 2011 год.); Дисциплинска комисија при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како претседател (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3631/7-2 од 7. X 2011 год.); Комисија за спроведување на гласањето и пребројувањето на гласовите за избор на претставници на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за мандатниот период 2012-2016 година, како претседател (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-911/5-2 од 22. III 2012 год.); работно тело за одбележување на 18 ноември

„Европски ден за рационална употреба на антибиотиците“, како член (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3265/3-8 од 29. X 2012 год.); комисии за извршување јавна набавка, како претседател (Одлуки на Деканатската управа бр. 0202-3/5-4 од 17. I 2014 год. и бр. 0202-3375/3 од 3. IX 2014 год.); Комисија за извршување редовен/вонреден попис на средствата и изворите на средствата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како претседател, во 2013 и 2014 год. (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3592/2 од 30. XII 2012 год., бр. 0202-351/3-2 од 12. II 2013 год. и бр. 0202-3510/3 од 11. XII 2014 год.); Работна група за започнување на постапка за изготвување на „План за заштита и спасување“ на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-1279/5 од 30. V 2014 год.), како член.

Во 2013, 2014 и 2015 година учествувал во промотивни активности на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во чии што рамки е и настанот „Ден на вашето милениче“, кој од 2013 година се одржува еднаш годишно во паркот за домашни миленичиња - Градски парк, Скопје (одлуки на Наставно-научниот совет бр. 03-2277 од 4. VI 2013 год. и бр. 0201-4392/7-1 од 6. XII 2013 год.; Одлука на Деканатската управа бр. 0201-619/4 од 10. III 2015 год.).

Од 2009 година до денес е член на издавачкиот совет на списанието „Македонски ветеринарен преглед“, а во периодот 2008-2013 година бил член и на стручниот одбор на Ветеринарната комора на Република Македонија, Исто така, член е и на организацискиот одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарната медицина“ од 2010 година до денес (одлуки на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/7 од 24. II 2011 год., бр. 0201-384/4 од 16. II 2012 год., бр. 0201-2903/8 од 1. X 2012 год., бр. 0201-4/6-1 од 24. I 2014 год. и бр. 0201-3549/11 од 11. XII 2014 год.).

### *2. Наставно-образовна дејност*

Проф. д-р Игор Улчар во изминатиов период успешно ја изведува теоретската настава по предметот патолошка физиологија. Истовремено ги изведува и континуираните проверки и консултации со студентите.

Покрај задолжителниот предмет патолошка физиологија, ја држи наставата и по изборните предмети основи на цитолошка дијагностика и ветеринарна хематологија. Во учебната 2013/2014 година бил овластен за држење настава по задолжителните предмети патолошка морфологија во V и VI семестар и судско ветеринарство и ветеринарна етика во X семестар, како и изборниот предмет онкологија во IX семестар (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-1279/3 од 30. V 2014 год.).

Бил вклучен и во наставата на постдипломските студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје од областа клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија, на предметите клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија и основи на клиничка имунологија, од учебната 2007/2008 година, па сè до нивното официјално згаснување во учебната 2012/2013 година.

Од учебната 2011/2012 година е вклучен во наставата на докторските студии од III циклус по ветеринарна медицина, на предметите одбрани поглавја од патофизиологијата, ветеринарна лабораториска медицина, цитолошка дијагностика и лабораториска дијагностика на внатрешни заболувања кај малите животни. Од оваа година е акредитиран и како ментор на овие докторски студии (Проширен список на ментори за докторски студии бр. 12-224/4 од 19. V 2015 год., усвоен од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование).

Досега бил ментор на вкупно 2 магистерски труда, од кои еден во периодот по 17. XII 2010 год. Исто така, бил член на комисија за одбрана на вкупно 5 магистерски труда, од кои 3 во периодот по 17. XII 2010 год. Досега бил член за одбрана на вкупно 5 докторати, од кои 4 во периодот по 17. XII 2010 год. Во периодот по 17. XII 2010 год. бил и ментор на еден докторат. Како претседател или како член учествувал во вкупно 8 комисии за избор во соработнички или наставно-научни звања, од кои 5 во периодот по 17. XII 2010 год. (одлуки на Наставно-научниот совет бр. 0201-4502/4 од 30. XII 2011 год., бр. 0201-2376/3 од 10. IX 2012 год., бр. 0201-3181/8 од 16. VIII 2013 год., бр. 0201-1559/4 од 25. VI 2014 год. и бр. 0201-2051/4 од 28. VIII 2014 год.).

Во истиов овој период бил и претседател на Комисијата за изготвување на измените и дополнувањата на студиската програма за додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина од 2005 год. (Одлука на Наставно-научниот

совет бр. 0201-4502/5 од 30. XII 2011 год.), како и координатор за изработка на елаборатот за усогласување на изменетата и дополнета студиска програма за интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина со измените и дополнувањата на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-384/3-1 од 16. II 2012 год.), како и на елаборатот за усогласување на студиската програма за тригодишни докторски студии од трет циклус по ветеринарна медицина со измените и дополнувањата на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3202/4-2 од 29. X 2012 год.).

Учествувал и во изработката на факултетскиот „Водич низ студиите - информации за студиската програма и условите за студирање“ (ISBN 9989-774-11 COBISS.MK-ID 66828554).

Досега бил ментор на 14 изработени дипломски труда, од кои 3 во периодот по 17. XII 2010 год. Исто така, во периодот по 17. XII 2010 год. бил и член на комисии за оцена и одбрана на вкупно 4 дипломски труда.

### *3. Оценка од самоевалуација*

Зимски семестар 2013/2014 година

- Патолошка физиологија, средна оценка 9,58 (позитивна)

Летен семестар 2013/2014 година

- Патолошка физилогија, средна оценка 9,21 (позитивна)

Зимски семестар 2014/2015 година

- Патолошка физиологија, средна оценка 9,79 (позитивна)
- Патолошка морфологија, средна оценка 9,71 (позитивна)

### *4. Научни и стручни трудови*

Кон својата пријава, кандидатот д-р Игор Улчар ги поднесе следниве објавени трудови:

- до реизборот на кандидатот во звањето помлад асистент, тој изработил 4 труда кои се рецензирани во Билтенот бр. 698 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 29. XII 1997 год.;

- до изборот во звањето асистент, кандидатот изработил други 2 труда кои се рецензирани во Билтенот бр. 778 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 3. V 2001 год.;

- до изборот во звањето доцент, кандидатот изработил 13 труда кои се рецензирани и објавени во Билтенот бр. 889 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 13. I 2006 год.;

- до изборот во звањето вонреден професор, кандидатот изработил 8 труда кои се рецензирани и објавени во Билтенот бр. 996 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 15. XI 2010 год.

**Трудови за рецензирање:**

1. Celeska I., **Ulčar I.**, Stojkovski V., Dovenski T., Mitrov D., Džadžovski I. Effect of lactation on energy metabolism in dairy cows from different categories. Mac. Vet. Rev. 2010, 33 (2), 15-21.

Во овој труд е одредуван енергискиот статус кај кравите од холштајн-фризиската раса на три краварски фарми. Испитуваните животни биле клинички здрави крави од втора до седма лактација. Биле испитувани следниве биохемиски параметри: гликозата, неестерифицираните масни киселини (NEFA), β-хидроксипутерната киселина (BHB), триацилглицеролите и холестеролот. Вкупно биле испитувани 378 серуми. Кравите биле поделени во три главни групи. Групата 1 се состоела од засушени крави и била поделена во две подгрупи: „далеку од телењето" (n=64) и „блиску до телењето" (n=62). Групата 2 се состоела од крави во рана лактација и била поделена во три подгрупи: до 14 дена по телењето (n=66),

до 60 дена по телењето (n=63) и до 100 дена по телењето (n=62). Групата 3 се состоела од крави во средна лактација, односно над 100 дена по телењето (n=61). Биохемиските параметри биле одредувани со стандардни колориметриски методи. Резултатите покажале дека во периодот на засушувањето кај кравите се развила хипогликемија и рана липолиза (високи вредности на серумските NEFA и BHB). Резултатите ја потврдуваат можноста на кравите да се адаптираат во разни физиолошки состојби на лактација, но ова не секогаш се реализира поради несоодветниот начин на исхрана. Ова резултира со низа метаболички нарушувања, т.н. „производни заболувања".

2. **Ulčar I.**, Celeska I., Ilievska K., Atanaskova E., Nikolovski G., Trojacanec P. Cytological Diagnostic of Canine Transmissible Venereal Tumor – Case Report. Mac. Vet. Rev. 2012, 35 (2): 91-96.

Трудот обработува клинички случај на трансмисивен венеричен тумор (ТВТ) на пенисот кај двегодишно куче мешанец. Кај пациентот единствените клинички симптоми биле крварењето од препуциумот и присуството на крв во урината. При клиничкото испитување била најдена мултилобуларна маса на лигавицата од коренот на пенисот. Материјалот за цитолошко испитување бил земен со метода на брис (импринт метода) и биле изработени 4 препарати. Цитолошката дијагноза била ТВТ, при што диференцијално дијагностички биле исклучени останатите „тумори со тркалезни клетки" (хистиоцитоми, плазмоцитоми, лимфоми, меланоми, лимфосаркоми). По утврдената дијагноза, туморот бил хируршки отстранет. Првично овој труд е презнтиран како постер на научниот собир „Денови на ветеринарна медицина 2011" во Охрид, организиран од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во вид на апстракт е објавен во списанието „Македонски ветеринарен преглед" (Mac. Vet. Rev. 2011, 34 (2): 84).

3. Atanaskova E., Nikolovski G., **Ulcar I.**, Enimiteva V. Examination of the content of heavy metals using hair samples in dogs of urban areas of Macedonia. Veterinary World, 2011, 4 (8): 368-370.

Целта на ова истражување била да утврди содржината на два тешки метала: кадмиум и олово кај кучињата во одредени географски региони во Р. Македонија. Кучињата, бидејќи делат иста животна средина со луѓето (особено во урбаните средини), подложни се на дејството на истите еколошки загадувачи. За

испитувањето на двата тешки метала биле земани примероци од (влакната) крзното на кучињата, вкупно 35 кучиња од различни локалитети. Примероците биле испитувани со методата на атомска апсорпциска спектрометрија, по што била извршена статистичка анализа. Средните вредности за оловото во примероците од Велес, Битола и Прилеп биле 930,15 µg/kg, 715,66 µg/kg, односно 525,63 µg/kg, додека за кадмиумот биле 54,28 µg/kg, 42,65 µg/kg, односно 27,82 µg/kg. Според референтните вредности за влакната сите овие вредности биле во границите на нормалата (за оловото <2000 µg/kg, односно за кадмиумот <100 µg/kg). Споредбата на резултатите помеѓу регионите покажала слаба статистичка значителност ($p < 0{,}05$) помеѓу вредностите на оловото во Велес и Прилеп, и силна статистичка значителност ($p < 0{,}001$) за вредностите на кадмиумот во Велес и Прилеп. Авторите укажуваат на потребата за понатамошни испитувања во овие региони, со користење на кучињата како биоиндикатори.

4. **Ulchar I.**, Celeska I., Stefanovska J., Jakimovska A. Hematological and biochemical parameters in symptomatic and asymptomatic leishmania-seropositive dogs. Mac Vet Rev 2015; 38 (2): i-viii.

Лајшманизоата кај кучињата предизвикана од *Leishmania infantum* е тешко ензоотско заболување посредувано со вектори. Се манифестира со широк спектар на клинички симптоми, но за најкарактеристични се сметаат нарушувањата во хематопоетскиот систем и бубрежното закажување. Исто така, инфицираните животни можат да бидат и асимптоматски, така што манифестацијата на инфекцијата со *Leishmania infantum* зависи од многу фактори, меѓу кои и имунолошкиот статус на домаќинот. Целта на ова истражување била да се утврдат параметрите врзани со хематопоетските нарушувања и со бубрежното закажување (хематолошки како и биохемиски параметри – уреата, креатининот, серумските протеини) кај симптоматски и асимптоматски кучиња серопозитивни на кучешка лајшманиоза. Кај хематолошките параметри, авторите нашле статистички значителни разлики помеѓу симптоматските и асимптоматските кучиња кај еритрограмот и кај бројот на тромбоцитите, но не и кај леукограмот. Статистички значителни разлики помеѓу двете групи биле најдени и кај вредностите на уреата, креатининот, серумските албумини и серумските глобулини, но не и кај серумските вкупни протеини и кај количникот A/G. Овие наоди укажуваат на постоење индивидуални разлики во одговорот на домаќинот спрема инфекцијата со *Leishmania infantum*.

5. Dzadzovski I., Celeska I., **Ulchar I.**, Janevski A., Kirovski D. Influence of season on metabolic profile in Chios sheep. Mac Vet Rev 2015; 38 (2): i-vi.

Хиос е високопродуктивна млечна раса на овци, со метаболички својства типични за млечните раси. Кај гравидните овци, енергиските потреби се зголемуваат во задните седмици од гестацијата, при што доаѓа до метаболички дисбаланс кој често води во развој на метаболичкото нарушување гравидитетна токсемија. На оваа состојба многу ѝ погодуваат ниските температури. Целта на ова истражување била да се спореди метаболичкиот профил на овците од расата хиос изложени на различни временски прилики. Во истражувањето биле вклучени две групи на животни: едната се состоела од 8 гравидни овци со клинички знаци на гравидитетна токсемија изложени на студ во текот на зимски период; втората се состоела од 8 негравидни овци, клинички здрави, испитувани за време на пролет. Биле земани крвни примероци и потоа биле испитувани серумските концентрации на гликозата, бета-хидроксибутиратот (BHBA), вкупните протеини, албумините, уреата, креатининот, триглицеридите и холестеролот, како и активноста на ензимите AST и ALP. Гравидните овци изложени на студ имале статистички значително пониски вредности на гликозата и вкупните протеини, и статистички значително повисоки вредности на BHBA, албумините и AST, во споредба со негравидните овци во поволни временски услови. Немало статистички значителна разлика во вредностите на уреата, креатининот, холестеролот, триглицеридите и ALP помеѓу групите. Како заклучок се дава дека ниските надворешни температури и слабата исхрана за време на зимскиот период предизвикуваат матаболички дистрес кај гравидните овци.

6. Celeska I., Janevski A., Dzadzovski I., **Ulchar I.**, Kirovski D. The dynamics of biochemical parameters in blood of clinically healthy Holstein cows from day 5 before to day 60 after calving. Mac Vet Rev 2015; 38 (2): i-v.

Перипарталниот период кај кравите од расата холштајн се смета за критичен поради преминот од гравидност кон лактација. Во ова истражување била проучувана динамиката на биохемиските параметри од 5 дена пред и 60 дена по телењето. Биле вклучени 10 мултипарни крави од расата холштајн, а биле испитувани -5, 5, 10, 30 и 60 дена од телењето. Крвните примероци биле земани од југуларната вена, а потоа биле анализирани параметрите гликоза, триглицериди,

вкупен холестерол, вкупен билирубин, албумини, вкупни протеини, NEFA и BHBA. Исто така биле одредувани и продукцијата на млеко и телесната кондиција. Добиените резултати укажале дека кравите манифестирале благ до изразен метаболички дистрес. Енергискиот статус по телењето бил променет, на што укажуваат зголемените вредности на NEFA и BHBA, како и ниската вредност на гликозата. Концентрациите на протеините биле зголемени 10. ден од телењето, и покрај намалувањето на концентрациите на албумините. Концентрациите на уреата пред и по телењето биле во рамките на физиолошките вредности, што укажува на оптимална исхрана со протеини. Покачените вредности на вкупниот билирубин 5. ден од телењето укажуваат на зголемена активност на црниот дроб. Липидниот статус репрезентиран со триглицеридите и вкупниот холестерол не покажал статистички значајни разлики во серумските концентрации на овие два параметри. Продукцијата на млеко била највисока 30. ден од телењето, додека телесната кондиција била највисока кај засушените крави, по што дошло до нејзино опаѓање и нормализирање 60. ден од телењето. Се заклучува дека биохемиските параметри можат да се применуваат како релевантни индикатори на метаболички дистрес кај кравите во перипарталниот период, во комбинација со податоците за продукцијата на млеко и за телесната кондиција, како придружни параметри. Промените во некои биохемиски параметри укажуваат на зголемена активност на црниот дроб, што може да води во намалена продукција на млеко, намалени репродуктивни способности и, конечно, во клинички манифестна болест.

Во периодот по 17. XII 2010 год. учествувал со вкупно 13 презентации на меѓународни научно-стручни собири.

Досега бил коавтор на два учебника, а во периодот по 17. XII 2010 година автор е на книга од стручната област “Iron and Copper Metabolism in Pre-fattering Piglets”, LAP LAMBERT Academic Publishing GmbH & Co. KG, Saarbrücken, Deutschland, 2012. Оваа книга е електронско (он-лајн) издание и е, всушност, докторската дисертација на кандидатот. Како главен заклучок од оваа студија се наведува дека единечното третирање со железо и бакар во храната кај младите

прасиња во предгојната фаза не предизвикува статистички значителни разлики во серумските концентрации ниту на железото и бакарот, ниту на нивните транспортни протеини, трансферинот и церулоплазминот. Единствениот евидентен ефект на додаденото железо бил врз вредностите на процентот на заситеност на трансферинот (TPS), и тоа само кај групата прасиња со заостанатост во растот, додека промените во вредностите на вкупниот капацитет за врзување на железото (TIBC) помеѓу прасињата со заостанатост во растот и прасињата со знаци на мускулна дистрофија и едем биле привремени и не биле предизвикани од даденото железо, туку, веројатно биле последица на стресот предизвикан од самиот третман. Исто така, стимулативниот ефект на бакарот врз финалната телесна тежина и врз дневниот прираст останал непотврден. Се заклучува дека додавањето бакар во храната за стимулирање на растот на млади прасиња во предгојната фаза не е препорачливо и може да предизвика контраиндикации.

Исто така, бил и дел од тимот на стручна редакција на книгата: „Ветеринарна медицина“ од Ото М. Радоститс, Клајв Ц. Геј, Кенет В. Хинчклиф, Питер Д. Констејбл, издание на Табернакул, 2010 год. (издание во рамките на програмата на Владата на Република Македонија за преведување на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Европската унија). Се работи за капитално дело од областа на болестите на фармските животни (говедата, овците, козите, коњите и свињите), при што се опфатени внатрешните, заразните, паразитарните и репродуктивните заболувања кај овие животински видови. Во рамките на подготовките на македонското издание на овој учебник, кандидатот има извршено стручна редакција на одредени поглавја.

Бил и учесник во националниот проект „Имунохистохемиска идентификација на морфолошките типови скелетни мускулни влакна кај јагниња во период од постнатален развој и нивна примена како индикатори за евалуација на квалитетот на јагнешкото месо“ (Одлука на Сенатот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ бр. 02-153/4 од 31. I 2014 год.). Исто така, имал удел во воведувањето на лабораториските методи: ветеринарна хематологија со електронски хемоцитометар, ветеринарна клиничка биохемија со спектрофотометриски методи и детекција на хормони и алергени во серум од животни со

имуноензимски тест (ELISA), кои за првпат почнаа да се применуваат на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

### *5. Оцена на научнаѿа дејносѿ на кандидаѿоѿ*

Откако ги проучи примените трудови за избор во наставно - научно звање, Рецензентската комисија оценува дека проф. д-р Игор Улчар ги исполнува условите и поседува квалитети да биде избран во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да го избере д-р Игор Улчар во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. Проф. д-р Јосиф Тосевски, редовен професор (во пензија), с.р.
2. Проф. д-р Даниела Миладинова, редовен професор, с.р.
3. Проф. д-р Владимир Петков, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Игор Франце Улчар**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **патолошка физиологија**

## НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| **Одржување на настава** | | |
| 1. | Патолошка физиологија (2+2), зимски сем. 2010/2011 | 1,2 |
| 2. | Патолошка физиологија (2+2), летен сем. 2010/2011 | 1,2 |
| 3. | Патолошка физиологија (2+2), зимски сем. 2011/2012 | 1,2 |
| 4. | Патолошка физиологија (2+2), летен сем. 2011/2012 | 1,2 |
| 5. | Патолошка физиологија (2+2), зимски сем. 2012/2013 | 1,2 |
| 6. | Патолошка физиологија (2+2), летен сем. 2012/2013 | 1,2 |
| 7. | Патолошка физиологија (2+2), зимски сем. 2013/2014 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Патолошка физиологија (2+2), летен сем. 2013/2014 | 1,2 |
| 9. | Патолошка физиологија (2+2), зимски сем. 2014/2015 | 1,2 |
| 10. | Патолошка физиологија (2+2), летен сем. 2014/2015 | 1,2 |
| 11. | Патолошка морфологија (2+2), зимски сем. 2014/2015 | 1,2 |
| 12. | Патолошка морфологија (3+4), летен сем. 2014/2015 | 1,8 |
| 13. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика (2+1), летен сем. 2014/2015 – теориска настава | 1,2 |
| 14. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика (2+1), летен сем. 2014/2015 – практична настава | 0,6 |
| 15. | Ветеринарна хематологија (1+1), летен сем. 2010/2011 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 16. | Ветеринарна хематологија (1+1), летен сем. 2011/2012 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 17. | Ветеринарна хематологија (1+1), летен сем. 2012/2013 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 18. | Основи на цитолошка дијагностика (1+1), летен сем. 2010/2011 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 19. | Основи на цитолошка дијагностика (1+1), летен сем. 2011/2012 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 20. | Основи на цитолошка дијагностика (1+1), летен сем. 2012/2013 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 21. | Ветеринарна хематологија (1+1), зимски сем. 2011/2012 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 22. | Ветеринарна хематологија (1+1), зимски сем. 2012/2013 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 23. | Ветеринарна хематологија (1+1), зимски сем. 2013/2014 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 24. | Ветеринарна хематологија (1+1), зимски сем. 2014/2015 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 25. | Основи на цитолошка дијагностика (1+1), зимски сем. 2011/2012 – теориска и практична настава | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | Основи на цитолошка дијагностика (1+1), зимски сем. 2012/2013 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 27. | Основи на цитолошка дијагностика (1+1), зимски сем. 2013/2014 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 28. | Основи на цитолошка дијагностика (1+1), зимски сем. 2014/2015 – теориска и практична настава | 1,2 |
| 29. | Онкологија, (1+1), зимски сем., 2014/2015 – теориска и практична настава | 1,2 |
| **Консултации со студенти** | | |
| 30. | Патолошка физиологија, зимски семестар, 2010/2011, 26 студенти | 0,052 |
| 31. | Патолошка физиологија, зимски семестар, 2011/2012, 12 студенти | 0,024 |
| 32. | Патолошка физиологија, летен семестар, 2011/2012, 12 студенти | 0,024 |
| 33. | Патолошка физиологија, зимски семестар, 2012/2013, 8 студенти | 0,016 |
| 34. | Патолошка физиологија, летен семестар, 2012/2013, 8 студенти | 0,016 |
| 35. | Патолошка физиологија, зимски семестар, 2013/2014, 21 студент | 0,042 |
| 36. | Патолошка физиологија, летен семестар, 2013/2014, 21 студент | 0,042 |
| 37. | Патолошка физиологија, зимски семестар, 2014/2015, 14 студенти | 0,028 |
| 38. | Патолошка физиологија, летен семестар, 2014/2015, 14 студенти | 0,028 |
| 39. | Ветеринарна хематологија, летен семестар, 2011/2012, 10 студенти | 0,020 |
| 40. | Ветеринарна хематологија, летен семестар, 2012/2013, 4 студенти | 0,008 |
| 41. | Ветеринарна хематологија, летен семестар, 2013/2014, 2 студенти | 0,004 |
| 42. | Ветеринарна хематологија, зимски семестар, 2012/2013, 3 студенти | 0,006 |
| 43. | Ветеринарна хематологија, зимски семестар, 2013/2014, 15 студенти | 0,030 |
| 44. | Ветеринарна хематологија, зимски семестар, 2014/2015, 3 студенти | 0,006 |
| 45. | Основи на цитолошка дијагностика, летен семестар, 2011/2012, 8 студенти | 0,016 |

| | | |
|---|---|---|
| 46. | Основи на цитолошка дијагностика, летен семестар, 2012/2013, 3 студенти | 0,006 |
| 47. | Основи на цитолошка дијагностика, летен семестар, 2013/2014, 2 студенти | 0,004 |
| 48. | Основи на цитолошка дијагностика, зимски семестар, 2011/2012, 3 студенти | 0,006 |
| 49. | Основи на цитолошка дијагностика, зимски семестар, 2012/2013, 14 студенти | 0,028 |
| 50. | Основи на цитолошка дијагностика, зимски семестар, 2013/2014, 1 студент | 0,002 |
| 51. | Основи на цитолошка дијагностика, зимски семестар, 2014/2015, 3 студенти | 0,006 |
| 52. | Патолошка морфологија, зимски семестар, 2014/2015, 14 студенти | 0,028 |
| 53. | Патолошка морфологија, летен семестар, 2014/2015, 18 студенти | 0,036 |
| 54. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика, зимски семестар, 2014/2015, 19 студенти | 0,038 |
| 55. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика, летен семестар, 2014/2015, 18 студенти | 0,036 |
| 56. | Онкологија, зимски семестар, 2014/2015, 1 студент | 0,002 |
| 57. | Ментор на дипломска работа (3) | 0,6 |
| 58. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (4) | 2,0 |
| 59. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (3) | 0,9 |
| 60. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (4) | 0,4 |
| **Подготовка на нов предмет** | | |
| 61. | Ветеринарна хематологија | 1,5 |
| 62. | Основи на цитолошка дијагностика | 1,5 |
| **Пакет материјали за одреден предмет** | | |
| 63. | Патолошка физиологија | 1,0 |
| 64. | Ветеринарна хематологија | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 65. | Патолошка морфологија | 1,0 |
| 66. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика | 1,0 |
| | **ВКУПНО** | **46,86** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација (1) | 3,0 |
| 2. | Ментор на магистерска работа (1) | 1,0 |
| **Учесник во проекти** | | |
| 3. | Имунохистохемиска идентификација на морфолошките типови скелетни мускулни влакна кај јагниња во период од постнатален развој и нивна примена како индикатори за евалуација на квалитетот на јагнешкото месо (Одлука на Сенатот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ бр. 02-153/4 од 31. 1. 2014 год.). | 3,0 |
| **Трудови со оригинални научни резултати** | | |
| 4. | Celeska Irena, **Ulčar I.**, Stojkovski V., Dovenski T., Mitrov D., Džadžovski I. Effect of lactation on energy metabolism in dairy cows from different categories. Mac. Vet. Rev. 2010, 33 (2), 15-21 | 2,4 |
| 5. | **Ulčar I.**, Celeska Irena, Ilievska Ksenija, Atanaskova Elena, Nikolovski G., Trojacanec P. Cytological Diagnostic of Canine Transmissible Venereal Tumor – Case Report. Mac. Vet. Rev. 2012, 35 (2): 91-96 | 2,4 |
| 6. | Atanaskova Elena, Nikolovski G., **Ulcar I.**, Enimiteva Vangelica Examination of the content of heavy metals using hair samples in dogs of urban areas of Macedonia. Veterinary World, 2011, 4 (8): 368-370 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **Ulchar I.**, Celeska I., Stefanovska J., Jakimovska A. Hematological and biochemical parameters in symptomatic and asymptomatic leishmania-seropositive dogs. Mac Vet Rev 2015; 38 (2): i-viii | 2,4 |
| 8. | Dzadzovski I., Celeska I., **Ulchar I.**, Janevski A., Kirovski D. Influence of season on metabolic profile in Chios sheep. Mac Vet Rev 2015; 38 (2): i-vi | 2,4 |
| 9. | Celeska I., Janevski A., Dzadzovski I., **Ulchar I.**, Kirovski D. The dynamics of biochemical parameters in blood of clinically healthy Holstein cows from day 5 before to day 60 after calving. Mac Vet Rev 2015; 38 (2): i-v | 2,4 |
| **Апстракти објавени во зборник на конференција** | | |
| 10. | Days of Veterinary Medicine 2010, 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia. Mac. Vet. Rev. 2010, 33 (2):<br>-Seasonal variations of serum biochemical parameters in dairy cows<br>-Some biochemical parameters in serum of diary cows in two farms<br>-Erythrocyte sedimentation of dogs and cats clinical application in small practice<br>-Clinical and laboratory diagnosis of Sertoli cell tumor in dog - clinical case<br>-Modification technique of tibial tuberosty avulsion fracture repair in dog: clinical case | 5,0 |
| 11. | 12th Central European Buiatric Congress, European Buiatric Meeting, International Scientific and Professional Congress, Book of Proceedings, Pula, 18-22 May 2011; Veterinarska Stanica 42 – supplement 1, XX-XX:<br>-Correlation Between Thyroid Status and Some Bichemical Parameters of Dairy Cows of Different Stages of Lactation | 1,0 |
| 12. | XIII Regionalno savetovanje iz kliničke patologije i terapije životinja *Clinica Veterinaria 2011*, Zbornik radova, Subotica, 16-18. jun 2011 god.:<br>Značaj određivanja serumske koncentracije NEFA i BHBA u proceni energetskog statusa visokomlečnih krava | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Days of Veterinary Medicine 2011, Ohrid, 9-11 September 2011; Mac. Vet. Rev. 2011, 34 (2):<br><br>-Modified Toggle-Pin Technique in Salter Harpis Type I Femoral Head Fracture Repair: Clinical Case<br><br>-Cytological Diagnostic of Canine Transmissible Venereal Tumor – Case Report | 2,0 |
| 14. | Days of Veterinary Medicine 2012, Ohrid, 3-4 September 2012<br><br>-Laboratory Diagnostic of Cat Lip Fibroma - Case Report | 1,0 |
| 15. | Days of Veterinary Medicine 2013, 4th International Scientific Meeting, Ohrid, Macedonia 6-8 September 2013, Proceedings:<br><br>-Diagnostic Importance Of Liver Percutan Biopsy In Dairy Cows | 1,0 |
| 16. | Days of Veterinary Medicine 2014, 5-7 September 2014, 5th International Scientific Meeting, Ohrid, Mac Vet Rev 2014, 37 (suppl. 1):<br><br>-Biochemical parameters of Brown Swiss heifers in late pregnancy and puerperium<br><br>-Fibrosarcoma of the mandible in Sharplanina mountain dog – Case report | 2,0 |
| | **ВКУПНО** | **34,4** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Реден број** | **Назив на активноста** | **поени** |
|---|---|---|
| 1. | Претседател на Комисија за изготвување на измените и дополнувањата на Студиската програма за додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина од 2005 год. (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4502/5 од 30.12.2011 год.) | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Координатор за изработка на Елаборатот за усогласување на изменетата и дополнета студиска програма за интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина со измените и дополнувањата на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-384/3-1 од 16.2.2012 год.) | 1,0 |
| 3. | Координатор за изработка на Елаборатот за усогласување на студиската програма за тригодишни докторски студии од трет циклус по ветеринарна медицина со измените и дополнувањата на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3202/4-2 од 29.10.2012 год.) | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| **Книга од стручна област** | | |
| 4. | стручна редакција на книгата: Ото М. Радоститс, Клајв Ц. Геј, Кенет В. Хинчклиф, Питер Д. Констејбл: Ветеринарна медицина, Табернакул, 2010; (издание во рамките на програмата на Владата на Република Македонија за преведување на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Европската унија) | 1,0 |
| 5. | **Igor Ulchar**: Iron and Copper Metabolism in Pre-fattering Piglets, LAP LAMBERT Academic Publishing GmbH & Co. KG, Saarbrücken, Deutschland, 2012 | 8,0 |
| **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | | |
| 6. | Подготовка на текст: Водич низ студиите - Информации за студиската програма и условите за студирање (ISBN 9989-774-11-0, COBISS.MK-ID 66828554) | 0,5 |
| 7. | Учество на промотивни активности на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 03-2277 од 4. 6. 2013 год.); учество на настанот „Ден на вашето миленичe", организиран како дел од активностите за промовирање на Факултетот за ветеринарна медицина, одржан во паркот за домашни миленичиња - Градски парк, Скопје | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Учество на промотивни активности на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4392/7-1 од 6.12.2013 год.); учествуво на настанот „Ден на вашето милениче", организиран како дел од активностите за промовирање на Факултетот за ветеринарна медицина, одржан во паркот за домашни миленичиња - Градски парк, Скопје | 0,5 |
| 9. | Учество на промотивни активности на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-619/4 од 10.3.2015 год.); учествуво на настанот „Ден на вашето милениче", организиран како дел од активностите за промовирање на Факултетот за ветеринарна медицина, одржан во паркот за домашни миленичиња - Градски парк, Скопје | 0,5 |
| **Воведување нова лабораториска/клиничка метода** | | |
| 10. | Ветеринарна хематологија со електронски хемоцитометар | 1,0 |
| 11. | Ветеринарна клиничка биохемија со спектрофотометриски методи | 1,0 |
| 12. | Детекција на хормони и алергени во серум од животни со имуноензимски тест (ELISA) | 4,0 |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | | |
| 13. | Продекан за настава на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-1993/5 од 25.5.2011 год.) | 4,0 |
| 14. | Координатор за надворешна евалуација на ФВМС (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4081/7 од 13.11.2013 год.) | 1,0 |
| 15. | Координатор за Еразмус-програмата (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3510/4-2/2 од 11.12.2014 год.) | 1,0 |
| 16. | Координатор на ЕКТС на Факултетот за ветеринарна медицина (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-887/2-2 од 3.4.2015 год.) | 1,0 |
| 17. | Член на Уредувачки одбор на меѓународното научно-стручното списание „Македонски ветеринарен преглед" / "Macedonian Veterinary Review" (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-732/7-1 од 14.3.2013 год.) | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | Член на Организацискиот одбор за одржување на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарна медицина 2011" (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/7 од 24.2.2011 год.) | 1,0 |
| 19. | Член на Организацискиот одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарната медицина 2012" (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-384/4 од 16. 2. 2012 год.) | 1,0 |
| 20. | Член на Организацискиот одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарната медицина 2013" (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-2903/8 од 1. 2. 2013 год.) | 1,0 |
| 21. | Член на Организацискиот одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарната медицина 2014" (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4/6-1 од 5. 5. 2014 год.) | 1,0 |
| 22. | Член на Организацискиот одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарната медицина 2015" (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3549/11 од 11.12.2014 год.) | 1,0 |
| **Учество во комисии на Факултетот за ветеринарна медицина** | | |
| 23. | Член на Комисија за пресметување на кредити за предметите и испитите ислушани и положени по старите студиски програми заклучно со 2007/2008 година според студиската програма за интегрирани студии од прв и втор циклус студии од 2009/2010 година на ФВМС (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-483/4 од 26.2.2015 год.) | 0,5 |
| 24. | Претседател на Комисија за извршување редовен попис на средствата и изворите на средствата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со состојба на ден 31.12.2014 год. (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3510/3 од 11.12.2014 год.) | 0,5 |
| 25. | Претседател на Комисија за извршување јавна набавка (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3375/3 од 3.9.2014 год.) | 0,5 |
| 26. | Член на Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година на Факултетот за ветеринарна медицина за учебната 2014/2015 година (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-1279/6 од 30.5.2014 год.) | 0,5 |
| 27. | Член на Работна група за започнување на постапка за изготвување на „План за заштита и спасување" на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-1279/5 од 30.5.2014 год.) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | Претседател на Комисија за извршување јавна набавка (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3/5-4 од 17.1.2014 год.) | 0,5 |
| 29. | Член на Комисија за признавање на испити и кредити положени, односно освоени на други факултети и универзитети во Република Македонија и во странство (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4393/9 од 6.12.2013 год.) | 0,5 |
| 30. | Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3538/3 од 23.9.2013 год.) | 0,5 |
| 31. | Член на Комисија за заштита на вработените на ФВМС од вознемирување на работно место (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3543-4/7 од 23.9.2013 год.) | 0,5 |
| 32. | Советник за кариера во рамките на Центарот за кариера на ФВМС (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3352/8 од 4.9.2013 год.) | 0,5 |
| 33. | Претседател на Комисија за извршување вонреден попис на средствата и изворите на средствата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-351/3-2 од 12.2.2013 год.) | 0,5 |
| 34. | Претседател на Комисија за утврдување дисциплинска одговорност на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-240/5 од 31.1.2013 год.) | 0,5 |
| 35. | Претседател на Комисија за извршување редовен попис на средствата и изворите на средствата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3592/2 од 30.12.2012 год.) | 0,5 |
| 36. | Член на работно тело за одбележување на 18 ноември Европски ден за рационална употреба на антибиотиците (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3265/3-8 од 29.10.2012 год.) | 0,5 |
| 37. | Претседател на Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година на Факултетот за ветеринарна медицина за учебната 2012/2013 година (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-1743 од 8.6.2012 год.) | 0,5 |
| 38. | Претседател на Комисија за спроведување на гласањето и пребројувањето на гласовите за избор на претставници на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за мандатниот период 2012-2016 година (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-911/5-2 од 22.3.2012 год.) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 39. | Претседател на Комисија за спроведување студентска анкета за квалитетот на наставниот процес на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-653/6 од 29.2.2012 год.) | 0,5 |
| 40. | Претседател на Дисциплинска комисија при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3631/7-2 од 7.10.2011 год.) | 0,5 |
| 41. | Претседател на Комисија за признавање на испити и кредити положени, односно освоени на други факултети и универзитети во Република Македонија и странство (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3631/7-1 од 7.10.2011 год.) | 0,5 |
| 42. | Член на Комисија за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-3234/3-5 од 1.9.2011 год.) | 0,5 |
| 43. | Претседател на Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во учебната 2011/2012 година (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-2376/9 од 23.6.2011 год.) | 0,5 |
| 44. | Член на Штаб за заштита и спасување при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-1477/3-2 од 6.4.2011 год.) | 0,5 |
| 45. | Член на Комисија за признавање на испити и кредити положени, односно освоени на други факултети и универзитети во Република Македонија и странство (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/11 од 24.2.2011 год.) | 0,5 |
| 46. | Член на Комисија за самоевалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/9 од 24.2.2011 год.) | 0,5 |
| 47. | Член на Организационен одбор за одбележување на 20-годишнината од формирањето на Факултетот за вететеринарна медицина во Скопје (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-927/8 од 24.2.2011 год.) | 0,5 |
| 48. | Претседател на Рецензентска комисија за избор на истражувач во сите научни звања (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-2051/4 од 28.8.2014 год.) | 0,2 |
| 49. | Член на Рецензентска комисија за избор на асистент (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-1559/4 од 25.6.2014 год.) | 0,2 |
| 50. | Претседател на Рецензетска комисија за избор на асистент (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-3181/8 од 16.8.2013 год.) | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 51. | Член на Комисија за избор на соработник во наставно-образовниот процес (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-2376/3 од 10.9.2012 год.) | 0,2 |
| 52. | Член на Рецензентска комисија за избор на асистент (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-4502/4 од 30.12.2011 год.) | 0,2 |
| | **ВКУПНО** | **46,5** |
| | | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **46,86** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **34,40** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **46,50** |
| **Вкупно** | **127,76** |
| | |

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. д-р Јосиф Тосевски, с.р.**

Факултет за ветеринарна медицина во Скопје

2. **Проф. д-р Даниела Миладинова, с.р.**

Медицински факултет во Скопје

3. **Проф. д-р Владимир Петков, с.р.**

Факултет за ветеринарна медицина во Скопје